# Прашања од акционерите

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од Дневниот ред на Седницата на Собранието.

Банката може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина.

Банката може да одговори директно на акционерот или да ги објави одговорите на поставените прашања на својата интернет-страница во форма на прашања и одговори.

Прашањето акционерот го доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот – физичко лице; односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционерот – правно лице.

Заедно со доставеното прашање акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

**За акционер - физичко лице се приложува:**
- извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена;
- копија од лична карта или пасош.

**За акционер - правно лице се приложува:**
- извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите во оригинал, не постар од три дена;
- последна тековна состојба од Централниот регистар во оригинал, не постара од седум дена;
- копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Прашањето во писмена форма заедно со документите за идентификација мора да биде примено во Централна кооперативна банка АД Скопје.